Министерство за култура
НАЦИОНАЛНА
КОМИСИЈА ЗА УНЕСКО

Канцеларија во
Венеција

Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА
КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

# ФИНАЛЕН ДОКУМЕНТ

## - П Р Е П О Р А К И -

**РЕГИОНАЛНА СРЕДБА**

**“Превенција од нелегална трговија и други противправни дејствија со културни добра”**
**Охрид, 15-18 Март 2006**



Заблагодарувајќи се на Министерството за култура на Република Македонија и УНЕСКО канцеларијата во Венеција за успешната организација на оваа Средба,

Ние, учесниците на Регионалната средба „Превенција од нелегална трговија и други противправни дејствија со културни добра” што се одржа во Охрид, од 15-18 март 2006 год.:

**Длабоко загрижени** од растечкиот феномен на нелегална трговија со културни добра во регионот на Југоисточна Европа;

**Сознавајќи** ја потребата како и потешкотиите за меѓуинституционална соработка меѓу органите и институциите во областа на културата, полицијата, царината и судските власти;

**Свесни** за проблемот на недоволно развиената регионална соработка во борбата против нелегална трговија со културни добра;

**Земајќи ги предвид** одредбите од меѓународните инструменти за поставување стандарди особено:

а. Конвенцијата за Заштита на културното наследство во случај на вооружен конфликт, и Протоколот од 1954 год.;

б. Конвенцијата за Средства за забрана и превенција на нелегално внесување, изнесување и пренесување сопственост на културни добра од 1970 год.;

ц. УНИДРУА конвенцијата за украдени и нелегално извезени културни добра од 1995;

д. Конвенцијата за заштита на подводно културно богатство од 2001 год;

***ПРЕПОРАЧУВАМЕ*** заинтересираните држави да ги земат предвид следните дејствија за борба против нелегалната трговија со културни добра:

## I. на национално ниво:

1. Да ја подобрат постоечката национална легислатива со цел намалување на нелегалната трговија со културни добра;

2. Да ги подобрат националните инвентари и бази на податоци на културното наследство со употреба на стандарди со што ќе станат меѓународно компатибилни;

3. Да ја подобрат соработката и да обезбедат соодветна обука на вработените во органите и институциите во областа на културата, полицијата, царината и судските власти што би било од најголема важност;

4. Да ги ратификуваат релевантните меѓународни конвенции;

5. Да охрабрат создавање специјални полициски и царински единици посветени на борбата против нелегална трговија со културни добра;

6. Да ја развијат или да ја подобрат соработката со ИНТЕРПОЛ, особено со употреба на соодветни алатки за размена на информации во врска со украдените културни добра;

7. Да ги подобрат безбедносните мерки за просторите каде се чуваат културните добра, како што се музеи, јавни колекции, свети места, како и археолошки локалитети, со цел да се спречи кражба;

8. Да се регулира и да се надгледува пазарот на уметнички предмети со промовирање законска рамка за трговија со културни добра;

9. Да се зголеми јавната свест за потребата од заштита на културното наследство низ кампањи во медиумите и едукативни програми.

## II. на регионално и меѓународно ниво:

1. Да се промовираат прашања поврзани со борбата против илегална трговија со културни добра на разни настани, како на пример на средбите на Советот на министрите за култура на земјите од Југоисточна Европа;

2. Промоција на меѓугранична соработка меѓу службите и институциите посветени на борбата против нелегална трговија со културни добра;

3. Редовна размена на информации, експертиза и искуства поврзани со трговија со културни добра;

4. Да се покани УНЕСКО да посредува во натамошната промоција на применливи меѓународни стандарди и други регулаторни инструменти и активности во борбата против нелегална трговија со културни добра во регионот на Југоисточна Европа.